# Општество на трговци?

Златко Теодосиевски

**Дали навистина тие педесетина уметници не ѝ плаќаат данок на државата за секое продадено дело (ако воопшто продадат некое)?**

Според најавите, денеска е последен ден на "трансформацијата" на најздравото јадро на македонската култура. Од утре сите самостојни уметници (сликари, скулптори, графичари, артисти, режисери, писатели, преведувачи...) имаат "избор": да бидат трговци, или да бидат - ништо!

А кога сме веќе кај конкретни луѓе, без оглед што актуелниот министер за култура на Република Македонија е на дневната мета на сите медиуми, мора да се потенцира дека оваа "трансформација" на самостојните уметници во држава во т.н. трговци-поединци не е негов рецепт. Не е измислица ниту на бившиот министер Унковски, туку е идеја што "се крчка" подолга низа години, во главите на погрешни луѓе на одговорни места!

Но, причините(лите) некогаш и не се толку битни. Последиците се она што - останува!

Од утре, сите (односно тие што се согласуваат со тој "статус") ќе бидат трговци-поединци. Другите, односно тие што нема да сакаат да бидат трговци, ќе бидат - ништо? (За да се направи овој текст поатрактивен, може да се наведат и конкретни имиња на реномирани македонски уметници што апсолутно не прифаќаат ваков "нов статус", но тоа сепак би звучело премногу булеварски). На тие под фирмата "ништо", оваа држава едноставно ќе им го избрише целокупниот творечки ангажман, долгите години на работа во ликовната уметност, во литературата, во преведувањето... Само поради тоа што не сакаат да се поклонат пред некаква административна одлука и да се наречат себе - трговци!

Но, сите формално-правни, небулозно нормативни, административни, државни... измислени "регулативи", нема да можат да им го одземат статусот на Уметник. Зашто тој статус не се добива со - одлука, решение, указ... Уметникот е или тоа што е, или е навистина - ништо! Во интерес на вистината, во изминатите половина век Македонија виде уметници од најразлични калибри: уметници-"уметници"; уметници-политичари; уметници-директори; уметници-партиски кадровици; уметници-менаџери...уметници вистински трговци... Но, повторно во интерес на вистината, ако можеше некогашната (социјалистичка) Македонија во нешто да се споредува со современа Европа, тоа беа - самостојните уметници! Зашто - повторно, и по којзнае кој пат - Македонија нема друг влез во Европа освен културата и уметноста.

Како и да е, кога законот е закон, па дури и да е најступиден, некои (до вчера) самостојни уметници, од немајкаде ќе се (транс)формираат во трговци. Ќе регистрираат фирми (КМ-ТП = Коле Манев; АТ-ТП = Ана Темкова ... ОПРСТ = ХУ...), над нивните ателјеа ќе мора да истакнат видливи натписи, ќе водат книговодствена евиденција, ќе мора да знаат што е ХТЗ, ќе се занимаваат со уште редица прописи од трговското работење... само за да продадат слика, графика, скулптура...! Но, како сакаат - тоа е нивен (принуден) избор!

Сепак, што со уметниците (самостојни или не) што дефинитивно ниту продавале, ниту, пак, можат да продадат свое дело? На пример, уметници од помладата генерација што работат во т.н. некомерцијални техники, односно нови технологии: инсталации, перформанси, видео, компјутерски анимации..., автори како Јован Шумковски, Жанета Вангели, Исмет Рамиќевиќ, Искра Димитрова, Благоја Маневски, Моника Мотевска... Дали тие воопшто ќе имаат некаква идеја да ги наплатат сопствените дела, па врз основа на тоа да размислуваат да се "трансформираат" во трговци-поединци? Или - ако не можат да продадат (демек, ако не се трговци!), нека не си играат уметност?

Конечно, во општата комерцијализација на повеќето вредности, мораме ли (неопходно ли е) да ја комерцијализираме и уметноста? Мора ли, навистина, уметникот да биде и - трговец?! И што со тие што создаваат, а не можат (не сакат!) да продаваат? Дали навистина продажбата, бакалството, тргувањето, алашверишот... е синоним на уметноста, на културата? Или, сепак, станува збор за култ-ура, за незнаење, за ура на провинцијализмот...?

Дали навистина тие педесетина уметници не плаќаат данок на државата за секое продадено дело (ако воопшто продадат нешто)? Па дури и да не го плаќаат тој данок, нема ли оваа држава други механизми за да ги натера да го прават тоа, туку од уметници ги (транс)формира во - трговци? И дали тоа нивно евентуално неплаќање во суштина ги поткопува темелите на државниот буџет?

Дали навистина уметноста е таа што ја осиромаши оваа држава?

**(Авторот е историчар на уметноста)**